КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

***И З В Е Ш Т А Ј***

***ЗА РАБОТАТА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2014-31.12.2014 ГОДИНА***

*СКОПЈЕ, јануари, 2015 ГОД*

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

***С О Б Р А Н И Е***

***НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА***
**31.01.2015 ГОДИНА**

*СКОПЈЕ, јануари, 2015 ГОДИНА*

# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД ...... 6**
**2. СОБРАНИЕ ...... 8**
2.1. ГОДИШНО СОБРАНИЕ ...... 8
2.2. ТЕМАТСКИ СОБРАНИЈА ...... 8
**3. КОНГРЕСИ ...... 10**
3.1. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ ...... 10
3.2. КОНГРЕСИ НА БАЛКАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА ...... 14
3.3. КОНГРЕС НА МЕДИТЕРАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА ...... 24
3.4. СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ ...... 27
**4. МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА ...... 34**
4.1. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ И ЈУНИОРИ И ЕВРОПСКИ КУП ЗА ЈУНИОРИ ДО 21 ГОД. ...... 34
4.2. БАЛКАНСКИ ПРВЕНСТВА ...... 38
4.3. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ ...... 63
4.4. МЕДИТЕРАНСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ, ЈУНИОРИ И ЈУНИОРИ ДО 21 ГОДИНА ...... 65
4.5. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА РЕГИОНИ ...... 69
4.6. СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ ...... 70
**5. ДРЖАВНА ПРОГРАМА ...... 72**
5.1. Државно првенство за сениори – 02.03.2014 ...... 72
5.2. Плеј-оф турнир за сениори – 23.03.2014 ...... 75
5.3. Награден карате турнир за деца во кати – 10.05.2014 ...... 77
5.4. Државно првенство за деца од 11-14 години – 10-11.05.2014 ...... 79
5.5. Изборен турнир за сениори – 25.05.2014 ...... 86
5.6. Плеј-оф турнир за сениори – 28.06.2014 ...... 88
5.7. Државно првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година – 22-23.11.2014 ...... 90
5.8. Изборен турнир за кадети, јуниори и јуниори до 21 година – 29.11.2014 ...... 96
5.9. Натпревар во училишен спорт - Битола 2014 – 05.12.2014 ...... 101
**6. КЛУБСКИ ТУРНИРИ-НАТПРЕВАРИ ...... 104**
6.1. ГАЗИ БАБА ОПЕН ...... 104
6.2. Традиционален карате турнир “ФУНАКОШИ ГИЧИН КУП“ – 26.04.2014 ...... 114
6.3. Традиционален карате турнир “КИЧЕВО ОПЕН 2014“ – 04.05.2014 ...... 122
6.4. Традиционален карате турнир “ЛОРД КУП“ – 24.05.2014 ...... 127
6.5. Традиционален карате турнир “СОЛИДАРНОСТ ОПЕН 2014“ – 01.06.2014 ...... 133
6.6. Јубилеен Карате Турнир “40 ГОДИНИ КК ЦВЕТАН ДИМОВ“ – 20.09.2014 ...... 143
6.7. XI-ти меѓународен турнир “СТРУГА ОПЕН 2014“ – 27.09.2014 ...... 148
6.8. Традиционален меѓународен карате турнир “МАВАШИ ОПЕН 2014“ – 04.10.2014 ...... 157
6.9. Меморијален турнир “НИКОЛА ГРДАНОВСКИ НИКЕ“ – 25.10.2014 ...... 166
6.10. XIII-ти меѓународен турнир “ТЕТОВО ОПЕН 2014“ – 07.12.2014 ...... 173
**7. СУДИСКИ И ТРЕНЕРСКИ АКТИВНОСТИ ...... 182**
7.1. СУДИСКИ АКТИВНОСТИ ...... 182
7.2. ТРЕНЕРСКИ АКТИВНОСТИ ...... 184
**8. НАГРАДИ И СТИПЕНДИИ ...... 188**
8.1. ДОДЕЛЕНИ СЕ СТИПЕНДИИ ОД СВЕТСКА КАТЕГОРИЈА НА БЕРАТ ЈАКУПИ ...... 188
8.2. 10 СТИПЕНДИИ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ НА КФМ ...... 188
8.3. НА "СПОРТСКИ ОСКАР" КАРАТИСТИТЕ СО СЕДУМ НОМИНАЦИИ ОД ПОЕДИНЕЧНИТЕ СПОРТОВИ ...... 188
**9. ОРГАНИ И ТЕЛА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА ...... 190**

9.1. ИЗВРШЕН ОДБОР ........ 190
9.2. СТРУЧЕН СОВЕТ ........ 191
9.3. ЛЕКАРСКА КОМИСИЈА ........ 191
9.4. СУДИСКА КОМИСИЈА ........ 192
9.5. НАТПРЕВАРУВАЧКА КОМИСИЈА ........ 192
9.6. РЕГИСТРАЦИОНА КОМИСИЈА ........ 192
9.7. ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА ........ 192
9.8. ЛЕКАРСКА КОМИСИЈА ........ 193
9.9. ТРЕНЕРИ НА ДРЖАВНА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА ........ 193
9.10. Задолжено лице за комуникација со јавноста ........ 193
9.11. Задолжено лице за оперативни и организациски прашања на натпревари и други активности ........ 193

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА
## ЗА ПЕРИОДОТ 01.01.2014-31.12.2014 ГОДИНА

# 1. ВОВЕД

Изминатата 2014 беше историска година како на резултатски, така и на организациски план. За првпат во историјата имаме Европски шампион во борби во сениорска конкуренција за мажи, благодарение на Емил Павлов и неговиот импресивен настап на ЕП во Тампере. Берат Јакупи го одбрани златото во конкуренција на постари јуниори на ЕП во Лисабон и со својот четврти златен медал го заокружи својот настап во помладите возрасни категории, а Пуликсенија Јованоска освои бронза за постари јуниорки, што е прв медал во историјата на македонското карате во кати.

Покрај настапите на нашите спортисти на сите најзначајни меѓународни натпреварувања низ светот кои се дел од календарот на WKF и EKF Македонија за првпат организира Балканско првенство за сениори во Охрид, каде што не само што првпат освоивме сениорски златен медал, туку со 5 балкански титули бевме убедливо најуспешна нација во регионот. На споменатиот настан специјален гостин на КФМ беше претседателот на Светската карате федерација Антонио Еспинос, за кого беше организиран прием и средба со претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски, како и со директорот на АМС Марјан Спасески и со претседателот на МОК Васил Тупурковски.

Извештајот за работата на Карате федерацијата на Македонија за периодот 01.01.2014 до 31.12.2014 година претставува сумарен преглед за планираните и програмираните активности на Федерацијата и истиот произлегува од поединечните документи, кои за секоја реализирана активност се разгледувани и усвојувани од Извршниот одбор на КФМ, за што се доставувани информации до сите клубови членки на КФМ.

Карате федерацијата на Македонија во извештајниот период ги реализираше сите активности предвидени во Календарот на КФМ.

Покрај планираните активности во натпреварувачкиот дел, за подобрување на состојбата во судиската организација беа организирани судиско-тренерски семинари кои придонесоа за организирана едукација на судиите и нивно лиценцирање, според објективизирани критериуми.

Каратистите на Македонија, во овој извештаен период постигнаа забележителни резултати на меѓународни првенства, особено за одбележување се резултатите постигнати на:

- Европското првенство за сениори, одржано во Тампере, Финска (01.05-04.05 2014 год), каде Емил Павлов стана европски шампион во кумите, категорија -60 кг.
- Светското првенство за сениори во Бремен, на кое Емил Павлов оствари пласман на 5 место.
- Балканското првенство за сениори, одржано во Охрид (17-.19.10.2014 година), на кое македонските каратисти освоија 5 златни, 2 сребрени и 2 бронзени медали.
- Европското првенство за кадети и јуниори, одржано во Лисабон, Португалија (08.02.-10.02.2014 год), каде што нашите спортисти освоија 4 медали, 1 златен и 3 бронзени: европски шампион стана Берат Јакупи, кумите категорија јуниори до 21 година +78 кг., а бронзени освоија Мартин Стојменов, кумите јуниори -61 кг., Пулексенија Јованоска, кати индивидуално јуниорки до 21 година, и ката тимот кадетки – јуниорки во состав: Маријана Димоска, Мишела Димоска и Искра Каракашоска.
- Балканското првенство за натпреварувачи од 11-14 години, одржано во Истанбул, Турција (14-15.06.2014 година), каратистите освоија 4 златни медали, 3 сребрени и 9 бронзени медали.
- Балканското првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година, Софија, Бугарија (13-14.12.2014 година), каратистите освоија 3 златни медали, 6 сребрени и 17 бронзени медали.
- Медитеранско првенство за кадети и јуниори, се одржа во Бар, Црна Гора (13-14.09.2014 година), каратистите освоија 3 сребрени медали и 2 бронзени медали.
- Од Агенцијата за млади и спорт доделена е стипендија од меѓународна категорија категорија на Емил Павлов, Берат Јакупи и Пулексенија Јованоска.

- Агенцијата за млади и спорт додели 10 стипендии на млади надежи во карате спортот.
- На Изборот на Спортист на Македонија, како и во изминатите неколку години така и во 2014 каратето доминираше и заедно со ракометот имаше најмногу номинации и освоени златни статуетки. На „Спортскиот Оскар” каратистите од 9 можни имаа 7 номинации, а во четири категории беа најуспешни: Берат Јакупи – најуспешен млад спортист, Пулексенија Јованоска- најуспешна млада спортиска, ката тимот во состав: Пулексенија Јованоска, Маријана Димоска и Мишела Димоска и машкиот тим во борби - најуспешна универзитетска екипа. Во финалниот избор номинирани беа и Емил Павлов за спортист на Македонија, Пеце Белистојаноски кај тренерите, како и КФМ во категорија на федерации.

Подетални информации за реализираните активности се дадени во соодветните наслови на овој извештај.

# 2. СОБРАНИЕ

## 2.1. ГОДИШНО СОБРАНИЕ

Карате федерацијата на Македонија на 25.01.2014 година, одржа редовно Годишно собрание, на кое, од 49 клубови со право на глас, присуствуваа делегати од 47 клубови.

Собранието ги донесе следните одлуки и заклучоци:

1. Едногласно ги избра работните тела во следниот состав:
   • Верификациона комисија Ахмедин Марукиќ, Ахил Јаков и Стојан Андриевски;
   • Записничар: Ивана Аврамова
   • Оверувачи на записникот: Даут Билибани и Нуредин Месими.
2. Собранието со 43 гласа против и 3 гласа за не го усвои барањето на КК Металург за одложување на седницата на Собрание.
3. Собранието со 44 гласа за, 2 против и 1 воздржан го усвои:
   - Записникот од Годишното Собрание на КФМ, одржано на 23.02.2013 година, со забелешка да се дополни со дискусијата на делегатот на КК Металург. КК Металург да достави до канцеларијата цитирана дискусија на нивниот делегат.
4. Собранието на КФМ, со 44 гласа за, 2 гласа воздржани и 1 против, го усвои:
   - Извештајот за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2013 до 31.12.2013 година;
5. Членките на Собрание го констатираа Извештајот на Надзорниот одбор.
6. Собранието со 41 глас за, 3 гласа против и 3 воздржани ги усвои Предлог измените и дополнувањата на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на КФМ.
7. Собранието на КФМ, едногласно, го прими КК Професионал како членка на Карате федерацијата на Македонија.
8. Собранието со 42 гласа за, 4 против и 1 воздржан го разреши Елвир Куртановиќ од функцијата член на Извршен одбор на КФМ.

Собранието со 43 гласа за, 2 против и 2 воздржани го избра Дејан Чолески за член на Извршниот одбор на КФМ.

Записникот од Годишното собрание е даден во прилог.

## 2.2. ТЕМАТСКИ СОБРАНИЈА

I. Карате федерацијата на Македонија на 22.02.2014 година, одржа Тематско собрание, на кое, од 53 клубови со право на глас, присуствуваа делегати од 44 клубови.

Собранието ги донесе следните одлуки и заклучоци:

1. Едногласно ги избра работните тела во следниот состав:
   • Верификациона комисија Ахмедин Марукиќ, Стојан Андриевски и Ахил Јаков;
   • Записничар: Ивана Аврамова
   • Оверувачи на записникот: Даут Билибани и Нуредин Мисини.
2. Собранието, со 42 гласа за и 2 против, со го усвои:
   - Записникот од Годишното Собрание на КФМ, одржано на 25.01.2014 година.

Собранието на КФМ, со 42 гласа против и 2 гласа за не го прифати барањето на делегатот на КК Кеикс, Елвир Куртановиќ за дополна на Записникот од седницата на Собранието одржана на 25.01.2014 година.

Собранието на КФМ, со 41 глас за и 3 гласа против го прифати барањето на делегатот на КК Ронин, Златко Димоски за дополна на Записникот од седницата на Собранието одржана на 25.01.2014 година.

3. Собранието на КФМ, го усвои Финансискиот Извештај за работа на Карате федерацијата на Македонија, за периодот 01.01.2013 до 31.12.2013 година со 42 гласа за, и 2 против.

4. Собранието на КФМ, со 41 глас за и 3 против, ја усвои на Програмата за работа на Карате федерацијата на Македонија, и финансискиот план за периодот 01.01.2014 до 31.12.2014 година;

5. Собранието на КФМ, донесе едногласна одлука, за ангажирање на судии од странство на Државните натпревари и плеј офф турнири организирани од страна на Карате федерацијата на Македонија.

Записникот од Тематското собрание е даден во прилог.

II. Карате федерацијата на Македонија на 25.05.2014 година, одржа Тематско собрание, на кое, од 54 клубови со право на глас, присуствуваа делегати од 32 клубови.

Собранието ги донесе следните одлуки и заклучоци:

1. Едногласно ги избра работните тела во следниот состав:
   • Верификациона комисија Ахмедин Марукиќ, Стојан Андриевски и Лазар Јорданов;
   • Записничар: Ивана Аврамова
   • Оверувач на записникот: Даут Билибани

2. Собранието, едногласно го усвои:
   - Записникот од Собрание на КФМ, одржано на 22.02.2014 година.

3. Собранието на КФМ, со 30 гласа за и 2 гласа против го усвои Предлог Правилник за изменување и дополнувања на Правилникот за работа на Дисциплинската комисија.

4. Собранието на КФМ, едногласно го прими КК Енерџи – Кавадарци за член на Карате федерацијата на Македонија.

Записникот од Тематското собрание е даден во прилог.

# 3. КОНГРЕСИ

## 3.1. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ

Конгресот на ЕКФ почна во предвидениот термин, точно во 16 часот во официјалниот хотел Илвес во Тампере. Како што претходно бевме договорени, во име на КФМ во хотелот од претпладневните часови бевме за регистрација и акредитирање двајцата делегати Горан Милковски и Бесник Мурати, како и шефот на делегацијата Дејан Чолески, сите членови на Извршниот одбор. Со оглед на тоа што претходно ги завршивме обврските, а во меѓувреме имавме кратки средби со претседателот на ВКФ Еспиноз, со генералниот секретар Челан, како и со неколкумина претседатели на поедини федерации, замоливме да ни биде овозможено сите тројца да присуствуваме на конгресот, што ни беше одобрено лично од Еспиноз.




**Делегацијата на Карате федерацијата на Македонија на конгресот на ЕКФ**

Конгресот почна со обраќање на претседателот Антонио Еспиноз, кој ги поздрави присутните а особено гостинот од Јапонија кој е член на Извршниот комитет на ВКФ, како и

претставникот од Канада, како нов претседател на карате федерација на северноамериканската земја.

Потоа збор доби претседателот на карате федерацијата на Финска. Во име на градот домаќин кој е втор по големина во земјата, но како спортски центар во хокеј на мраз и во боречките спортови, спомена дека денес е посебен ден со кој симболично се означува крајот на зимската сезона. Тампере знае што е голем настан во карате спортот, затоа што пред 9 години беше организатор на Светското првенство.



**Претседателот Еспиноз и ген. секретар Челан заедно со членовите на ИК на ЕКФ**

Претседателот Еспиноз продолжи со излагањето, дека ЕКФ е цврста организација во која никој нема право да се однесува спротивно целите и нејзините интереси. Секој кој ги нарушува таквите принципи мора да се елиминира и автоматски да се отстрани од оваа организација. Иако не беше споменато име, на сите им беше јасно кому му беа упатени овие зборови. Она што многумина го зборуваат а се луѓе кои не му мислат добро на каратето е дека овој спорт бил поделен и слично. Напротив – од се што се случува може да се заклучи дека каратето никогаш не било повеќе единствено и обединето од она што е сега. Затоа треба остро да се реагира на сите кои сакаат да му наштетат на овој светски бренд. Сега е многу полесно и поедноставно во сите сегменти, најмногу на организациски план и затоа треба да се заборави она што се случуваше во 2013 година и сето тоа да ни служи на сите како едно лошо искуство. На крајот сепак луѓето кои го водат каратето и на светско а и на домашно ниво покажаа високо ниво на зрелост во критични моменти, но и лојалност на каратето.

Во поглед на угледот и натамошните амбиции на ЕКФ од капитално значење е 2015 година, во која во Баку ќе бидат организирани првите Европски игри. Во Азербејџан се одлично подготвени за успешна организација на игрите, во кои од 18 спортови кои се на програмата, каратето е единствениот кој не е олимписки спорт. Тоа потврдува колку каратето е ценето и каков углед ужива и тоа мора да се искористи при лобирањето за следниот олимписки циклус. Затоа сите во ЕКФ се насочени кон тоа да се остави најдобар можен впечаток на споменатите Европски игри, што се всушност континентални Олимписки игри, во организација на Меѓународниот олимписки комитет. Затоа и јубилејното 50 Европско првенство ќе се одржи порано од стандардниот термин, од 19 – 22 март во Истанбул, а тоа што го означува полувековното постоење на ЕКФ шампионатите само треба дополнително да се искористи во промоцијата на каратето. ЕП ќе биде квалификации за учество на Европските игри, и само првите 6 каратисти по категории ќе обезбедат сигурно учество за Баку. Едно место е резервирано за домаќинот во секоја категорија, а последното место ќе биде одредено по таканаречен принцип

на универзалност. Со оглед на целта, да се овозможи на што поголем број земји да имаат свој претставник, во услови на сличен квалитет на каратисти со приближни резултати ќе му се даде предност на оние кои немаат претставници во некоја друга категорија и со тоа се очекува некаде 30 – 31 држави да имаат свои репрезенти. Ќе бидат застапени подеднакво и мажите и жените, и тоа во сите 5 тежински категории плус по еден во кати. Вкупно 96 натпреварувачи ќе бидат на Европските игри и шансата треба да се искористи за каратето да биде на програмата и во 2019 година на следните Европски игри.




**Главниот град на Азербејџан Баку и логото на првите Европски олимписки игри**

Новина е што во Тампере стартува „video review“ системот што беше презентирано и на некои од големите турнири што ќе се применува и на СП -Бремен, а наиде на одличен прием во Париз во Премиер лигата. Се работи за право на тренерите да реагираат со подигнување на картонот со барање на прегледување на снимката, доколку сметаат дека нивниот натпреварувач е оштетен. Во тој случај се стопира борбата и веднаш се враќа снимката за проверка. Ако е тренерот во право, се преиначува одлуката, во спротивно му се одзема правото да реагира за истиот натпреварувач до крајот на ЕП.

Откако беше избран за генерелан секретар на ЕКФ шест месеци претходно за време на СП во Гвадалахара, Стјепан Челан го презеде секретаријатот на Европската федерација во Загреб и одлично се справи со новиот предизвик. Тој накусо реферираше дека веќе се подготвуваат материјалите за 2105 година за ЕП во Истанбул кое ќе биде истовремено и квалификации за Европските игри во Баку. Во меѓувреме, веднаш по неговото назначување во секретаријатот работеле напорно да ги средат материјалите за ЕП во помлад категории во Лисабон, како и за ЕП во Тампере. Притоа истакна дека помогнал и во формирањето на Карате федерацијата на Балканот која е под капата на ВКФ. Календарот на натпревари во 2015 ќе претрпи одредени измени, засега е дефинитивно одреден терминот на ЕП, а ќе има поместувања на некои термини за Премиер лигата.




**Најголемата новина на ЕП во Тампере – "Video review" како мониторинг за судењето**

- претседателот на спортската комисија на ЕКФ Примож Дебенак реферираше за својата работа. Тој исто така ја потенцира важноста на Европските ОИ во Баку и во тој контекст нагласи дека со тоа соништата на сите во карате спортот се остварени, но и дека тоа треба да биде поттик за понатаму. Во Баку ќе има по 6 дисциплини во машка и исто толку во женска конкуренција, од кои петте тежински во борби и по една ката поединечно. Вкупно по 8 каратисти ќе настапат во секоја категорија, а секоја земја ќе има најмногу по еден каратист во секоја дисциплина. Ќе се борат во две групи по системот "round robin" а потоа првите двајца се пласират во полуфинале, каде што ќе настапат А1 – Б2 и А2 – Б1. Победниците ќе се борат за златен медал, а поразените за бронза.

Во делот на судењето, беше споменато дека во тој сегмент работите се движат кон подобро, посебно со воведувањето на "video review" каде што и судиите и тренерите се на испит. Околу судењето нагласи дека на ЕП во Лисабон немало никакви протести, што покажува колку и во тој сегмент се унапредува каратето. Се снима со по 2 камери од различни агли и има супервизор на секој натпревар, кои можат да ја сменат одлуката доколку тренерот кој реагира навреме е во право.

Повредите на ЕП остануваат во пристојни граници и главно се работи за полесни повреди на шампионатите, што покажува дека спортистите се добро подготвени и соодветно заштитени. Анти допинг контролата стандарно си ја врши работата и е под строг мониторинг. Околу СП во Бремен за првпат ќе настапат и лица со хендикеп, поделени во 3 категории, за лица со оштетен вид и слух, потоа со телесен недостаток и на ментален план. Тоа беше присутно и во Франција пред 2 години кога во Париз имаше настапи на лица со хендикеп, кои сепак беа само ревијални.

-подетално беше презентиран системот на "Dart fish" компанијата задолжена за видео снимките од сите мечеви, кои подоцна и се отстапуваат на ВКФ за нејзина документација. Сето тоа што се снима ќе остане архивирано и може да послужи за унапредување на тренерите но и на судењето во карате спортот. Истите ќе можат да се побараат од секоја национална федерација за анализа на борбите и да се користат исклучиво за интерна употреба.

-како и секогаш на овие конгреси, беше презентиран и прифатен финансискиот извештај на благајникот Мајкл Динсдејл, одговорен за буџетот на ЕКФ.

-во поглед на следните активности, имаше презентација на Умаг каде што од 30 јуни до 6 јули ќе се организира младински карате камп. Тоа е летниот камп кој до минатата година беше на Крф.




**Снимањето и документирањето на борбите на ЕП – за унапредување на каратето**

-исто така имаше презентација на неколку од следните градови домаќини на натпреварувањата под јуриздикција на ЕКФ. Најпрвин за Измир во кој ќе има ЕП за региони следниот месец, потоа за Цирих кој од 5 -8 февруари 2015 е домаќин на ЕП за кадети и јуниори. Новина во административниот дел е она што и ние се залагавме како КФМ е дека во иднина нема да се нарекува Европски куп до 21 година, туку Европско првенство, исто како и за кадетите и јуниорите.

-конечно на конгресот во Тампере беше доделена организација на неколку Европски првенства, кои сега се пополнети заклучно со 2018 година. ЕП за помладите категории во 2017 ќе се одржи година во Софија, а во 2018 во Сочи. Сениорското ЕП во 2018 ќе биде во Белград. Во меѓувреме, од порано беа познати домаќините на неколку Европски шампионати, а листата е следна:

-во 2015 - ЕП кадети и јуниори (Цирих), ЕП сениори (Истанбул), ЕП региони (Франција),

-во 2016 - ЕП кадети и јуниори (Лимасол), ЕП сениори (Франција), ЕП региони (Турција).

-во 2017 - ЕП кадети и јуниори (Софија), ЕП сениори (Турција), ЕП региони (Букурешт). Онаму каде што е познато е наведен градот, а каде што не е одреден стои државата.

Извештајот го достави Горан Милковски и е доставен во оргинална верзија.

## 3.2. КОНГРЕСИ НА БАЛКАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА

### 3.2.1 Извештај од Состанокот на ИО на КФБ за време на Балканско првенство во Истанбул

За време на 19 БП за деца и помлади категории во Истанбул, се одржа и состанок на Извршниот одбор на Карате федерацијата на Балканот на кој КФМ ја претставуваше Горан Милковски како делегат, а беше присутен и шефот на делегацијата на КФМ, Бесник Мурати. На состанокот присуствуваа само 6 земји со валидни претставници, доволно за кворум.

- Претседателот на КФБ Алексеј Петров, во своето обраќање имаше изрази благодарност до присутните и за сите национални федерации, кои во најчувствителниот и најкритичен момент за сите балкански земји изреагираа на вистински начин за излез од кризниот период. Притоа ја нагласи улогата на земјите од регионот во европското и во светското карате, кои со тоа покажале зрелост и сега имаат уште поголем углед. Потенцира дека овие натпреварувања се значајни за сите нас и дека истите кои и порано биле масовни треба да ги подигнеме на уште поголемо ниво од она што било претходно, затоа што ние сме водечка сила во Европа и во светот и многу битен фактор во меѓународното карате воопшто. Најмногу се задржа во делот на подготовка за

# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Европските игри во Баку, кои се историска шанса на карате спортот да се наметне во Меѓународниот Олимписки комитет со својата сериозност, квалитет и организираност да биде конечно дел од Олимписките игри. Во тој сегмент ќе мора сите да работат максимално во своите земји за каратето да се избори за соодветен статус во однос на другите спортови, и кај одговорните во државата, и кај националните олимписки комитети, но и во медиумите.



Петров нагласи и дека треба да се искористи моментот и позицијата која ја имаме за промовирање на нашата филозофија и уште повеќе да ги подобруваме меѓуклупските односи и нивната соработка. Сите идеи што во меѓувреме ќе се појават на тој план, ќе се разгледуваат на состанокот во Охрид за време на Балканското првенство.



-Генералниот секретар на КФБ Славољуб Пипер истакна дека КФБ за многу кратко време направи доста и на организациски и на резултатски план. Сите балкански натпреварувања сега се веќе дел од ВКФ календарот, а првпат се организира и ова детско БП. За се што правиме имаме поддршка од генералниот секретар на ЕКФ Стјепан Челан, а со тоа имаме и легитимитет во ВКФ. Ние сме сила во која е и Есад Делихасан од Турција во Извршен комитет на ЕКФ и секако Примож Дебенак, пред се во судискиот дел и затоа мора да бидеме унитарни, а со тоа и

поавторитетни. Во иднина може да се очекува и Балканско клупско првенство за сите возрасти, што би било пандан на Златните и Премиер лиги.

И покрај сите турбуленции кои настанаа во втортата половина од минатата година, КФБ се престрои и сега има канцеларија во Белград, со технички секретар и книговодство според законите во Србија, има веб страница и телефон што значи заличува на сериозна организација. Се работи транспарентно и отворно, спротивно од претходниците што треба да не држи единствени, но дека канцеларијата има и свои трошоци. Тука потпретседателот на ВКФ Мрваљевиќ од Црна Гора спомна дека се работи домаќински, но и дека можеби за расходите на канцеларијата не се доволни средствата од котизација на натпреварите кои засега се единствен извор на приходи, кои можеби се и повеќе од потребите. Затоа тоа прашање засега останува како што е, односно ќе се види кои се реалните потреби и трошоци на канцеларијата, расходи и приходи и како да се распределуваат, за да се разговара подетално на состанокот во Охрид. Во се поголемиот углед што го имаме на глобално ниво сме заслужни сите во регионот и треба да продолжиме со тоа темпо на меѓусебна соработка и доверба, но и дека не смееме да дозволиме на еден човек да ги има сите ингеренцини и да манипулира со сите други, како што беше со години наназад. Затоа оваа КФБ од старт работи транспарентно, и на спортски и на организациски, а пред се на финансиски план. Во тој поглед, сеуште се бара од претходниот генерален секретар Јеролимпос отчет за минатиот период и извештаи, пред се финансиски за време на неговото работење. Како што изгледа, доколку не добиеме написмено документација за изминатите неколку години, многу извесно е дека случајот ќе заврши на суд.



-во поглед на формирањето на одредени комисии прашањето остана отворено за најголемиот дел од нив. Се формира само судиската во која влегуваат 8 реномирани судии меѓу кои е и нашиот Боби Војдиновски, а претседател е Ковачевиќ од Србија. На листата се и Матеша од Хрватска и Јанис од Грција, додека свои луѓе ќе дадат уште 4 земји. Причина што другите комисии не се конституирани е дека повеќето земји сеуште не дале свои кандидати. Затоа остана во Охрид да бидат формирани и покрај тоа што по статутот генералниот секретар има право да предлага, но тој сепак ќе почека на предлозите од матичните федерации.

-со оглед на заложбата за влез на програмата на Олимписки игри на каратето, се наметна тема за медиумската застапеност и покриеност на каратето, која според општото мислење е премала. Сите сакаат што повеќе да бидат присутни во медиумите, па зборуваа за нивното искуство во своите земји кое е далеку од посакуваното ниво. Интенцијата е да има активна, па дури и агресивна медиумска промоција на случувањата во каратето во периодот кога се бори за олимписки статус, на една година пред настапот на првите европски олимписки игри. Во размената на идеите им го споменав нашето искуство, кое последните 6 години драстично се

смени пред се со стратегијата на КФМ и нејзината транспарентна политика. Полека но сигурно од позиција на игнорантски статус кај медиумите, постепено се врати доверба та и сега тие идат на пресовите во двоцифрен број, што порано беше незамисливо. Потврда за тоа се резултатите не само на спортски план, туку уште повеќе дека сме организација за пример се најголемиот број номинации и награди во изборот на спортист на година. Сето тоа не извади од анонимност и сега имаме отворени врати кај надлежните, од АМС и МОК па со до претседателот на државата.



По размената на идеите по ова прашање, според кажаното излезе дека добар дел од другите земји се далеку од ваков статус, и во овој сегмент сме отишле најдалеку. Претседателот предложи да бидам лидер на тим кој треба да го промовира каратето во балканските земји во медиумите. Им одговорив дека пред се, најважно е секоја национална федерација треба да има внатрешна организираност на ниво, добра комуникација и односи со медиумите во својата држава и дека треба внимателно да се градат тие односи. Ако сакаме успех, то не е спорно треба да работиме на истакнување на позитивните случувања а да ги сузбиеме и елиминираме негативните, зошто ако станеме интересни за медиумите ќе мора да внимаваме на секоја ситница во работењето.

-откако се разви дискусија по ова прашање , генералниот секретар изјави дека имаме апсурдна и контрадикторна ситуација. Сите сакаме и зборуваме за квалитетна промоција на каратето, а сеуште се занимаваме со ситни работи кои се крајно негативни. Притоа разви жолчна дискусија упатена кон несериозниот однос на некои земји уште пред Балканското првенство. Мора да се гледа реално, а реалноста е дека ние во моментот имаме нелогичности кои не смеат да се случуваат. Го пробивме терминот за регистрација, сеуште немаме ни ждреб ни акредитација. Некои членки не се појавија навреме а некои сеуште патуваат што е спротивно на статутот, а тоа е нешто што не смее да се повтори. Во ваков случај е подобро што нема присутни медиуми на балканско, затоа што можевме да имаме крајно негативна промоција. Сите ќе видеа дека ние сме дезорганизирани, доцниме со се и сме крајно несериозни. Дури и една Турција како велесила и чест домаќин на врвни настани е индиферентна и сеуште не ги пријавила и акредитирала каратистите, и тоа во Истанбул !!! Што ли ќе се случеше, каква брука би настанала денес да имавме прес ...и затоа мора на вистината да и гледаме во очи.

-исто така, не може успешна медиумска промоција на настани кои траат маратонски, туку мора тие да се концизни и прецизни. Не смее повеќе да трае од два часа за да биде интересно. Не смее да има само 6 земји на ваков состанок, а 5 да ескивираат. По оваа дискусија во која имаше доста критики и повишен тон, претставникот на организаторот се извини во име на Карате федерацијата на Турција и вети дека парите се префрлени на сметка и дека КФБ ќе ги има во

понеделник. Откако тоа беше решено, се смирија страстите и состанокот приврши во пријателска атмосфера.

-при крајот, претставникот на Карате федерацијата на Хрватска спомена дека за се што се работи во КФБ имаме безрезервна поддршка и од генералниот секретар на ЕКФ Стјепан Челан кој иако планирал да присуствува тука морал итно да отпатува во Америка. Исто така КФБ има поддршка и од претседателот на ВКФ Антонио Еспиноз, кој лично се интересирал за текот на состанокот и очекува дека тоа ќе биде работен почеток на една нова и во организациска смисла, неспоредливо поквалитетна организација, каква што заслужува да има Балканот.

Се на се, добро беше што конечно се одржа една ваква седница, прва по конституирањето на КФБ. Иако е далеку од идеално, несомнено има доста прашања во КФБ кои треба да се решаваат тековно во наредниот период.

Извештајот го поднесе Горан Милковски

### 3.2.2 Состанок на Извршен комитет на КФБ – октомври 2014 година, Охрид

Редоследно, точките на состанокот беа следни :

**1** – констатиран е кворум со 7 вкупно претставници на КФБ земјите и тоа од Албанија, Бугарија Хрватска, Црна Гора, Словенија Србија и Македонија. Турците заглавиле со маглата што беше во Скопје и чекавме вечерта да дојдат, од БиХ не се појави никој претставник, а за Грците имаше разни верзии па и тоа дека не ги пуштиле од нивната полиција. Состанокот го почна претседателот на КФБ Алексеј Петров, за кого најважно беше да се фокусираме за Европските игри во Баку 2015 година. Секој ден тие биле во контакт со Пипер како генерален секретар на балканска федерација.

**2** - партиципанти во Охрид се вкупно 249 спортисти од 11 земји. Пипер изрази благодарност на КФМ како технички организатор на БП се потрудила да направи нешто во веќе подготвена атмосфера. Продолжи дека од првиот состанок во Истанбул до сега имаше доста работа и имал голема поддршка од спортскиот директор, претседателот Петров и некои од членовите на ИК. Нотираше дека ова е последна контрола за Бремен и на сите претставници да им пренесат до своите судии да ги заштитат каратистите да заминат што поздрави на С П.

**3** - извештај од БП за деца во Истанбул.

Според Пипер, покрај сите проблеми и пропусти кои ги направил техничкиот организатор од Турција, луѓето од КФБ се погрижиле да се одржи најдобар ред. Беа присутни каратисти од Албанија, Бугарија, БиХ, Ц Г, Македонија, Хрвстска и Грција со вкупно 718 натпреварувачи од 11 до 14 год. По земји во готово парите ги уплатиле:

Албанија 300 евра, БиХ 2.700, Бугарија 1.900, ЦГ 2.060, Грција 440 Македонија 2.100 Романија 550 и Хрватска 100 евра, а вирмански платиле Србија 2.250 и Турција 3.240 евра. Упати забелешка до турската федерација дека платиле дури по неколку опомени по завршување на првенството. Парите кои се примени во кеш се уплатени на сметка во КФБ на 17 јуни.

Страхиња Тепачевиќ од Србија констатира дека ова е историски настан кога средствата се уплатиле на сметка на балканската федерација, за разлика од претходниот период кога завршувале во приватни раце. Сеуште нема одговор што е со досегашните средства и се инсистира да се бара каде се. Откако се затвори оваа точка, Пипер напомена дека нема извештај за трошоците на КФБ - одговор нема, затоа што требало да има одлука за тоа прашање од ИК.

Еспинос одржа поздравна реч досите и упати честитки до сите затоа што конечно имало финансиски извештај. Спомна дека во Тампере примивме писмо со потпис од девет или десет балкански земји кои бараат каде се парите од претходната БКФ. За периодот 2010 - 2013 се работи за околу 100 ијлади евра проневера. Се препишувале повеќепати со бившиот претседател на балканската федерација, но сеуште не добивме повратна информација. Рече дека се подготвени да ги преземат дисциплинските мерки и бара ВКФ да ги застапува интересите на балканските земји по ова прашање, зошто една од изјавите на екс претседателот Џорџ Јеролимпос беше дека ги средил сите финансии, што не е точно. Многу е значајно да се заземе единствен став по ова прашање, затоа што се работи за голема сума. Најважно е да се побара каде се парите. Еспинос заврши со тоа дека иако во Тампере решивме што да правиме, во меѓувреме Петров се сретнал со адвокатот на Јеролимпос и само загубивме време, па замоли да не се

впуштаме во индивидуални авантури. Побара право ВКФ да не застапува и на тој начин да одиме до крај. Сите 7 присутни гласавме и го задолживме Пипер да комуницира со ВКФ по тоа прашање.

**4** - што се минимум трошоци за работа на КФБ која треба да е пример за тоа како да работи една федерација на спортска и транспарентна основа. Во комуникација меѓу Пипер и Петров е обезбедена канцеларија во Белград на Кнез Михајлова улица за износ од 250 евра месечно и ја вработија Јелена Ружиќ, која за половина работно време по законите на Србија има плата од 450 евра. Трошоци за фиксен телефон се 130 евра месечно, а трошоци на канцелариски материјал се 150 евра. Веб сајтот е 100 евра и трошоци за сметководство се 250 евра. Се ова се плаќа преку тековна сметка.

Прашањето за трошоците едногласно се усвои.

**5** - натпреварувачки и судиски дел

Имаше предлог од Пипер кој е крајно неприфатлив поради преголемите овластувања и ингеренции на генералниот секретар на КФБ во делот на натпреварувањето и судењето. На сите земји заедничка цел ни е работата да не биде управувана и контролирана од еден човек, туку членовите да ги предлага надлежната комисија а да бидат одобрени од Извршниот одбор, што ние го имаме одамна во КФМ. По ова прашање конкретни забелешки имаше Зелинка од Словенија кои по неговото образложение член по член, се прифатија едногласно.

**6** - предлози за формирање комисии во КФБ

се прифатија сите предлози за преостанати места за комисии во КФБ, но без соопштување на имиња, кои генералниот секретар дополнително ќе ги соопшти.

**7** –имаше презентација на локација и сала за Б П во кадети, јуниори и постари јуниори во Софија од 12 до 14 декември.

**8** - следни првенства во различни категории. Со оглед дека 2014 година имавме Турција, Македонија и во Бугарија, за 2015 година ќе се одржат во други 3 земји :

- во Србија 28 февруари и 1 март - сениори,

-во Словенија или Црна Гора за деца во јуни,

-во Хрватска за јуниори и постари јуниори во декември.

**9** - ген. секретар Пипер предложи одредени такси за ангажирање на некои лица, како и на висина на дневница на членови на Извршен комитет кои се активни по законите во Србија во која е седиштето на КФБ. Предлогот е членови на ИК да се добиваат по 40 евра дневно, членовите кои реализираат натпреварување по 50 евра, спортскиот директор 70 евра и гостите од ЕКФ по 100 евра. За генерален секретар дневницата да биде по 120 евра дневно.

Мрваљевиќ од ЦГ е согласен со предлогот, а Тепавчевиќ од Србија сметаше дека Пипер е скромен, особено за себе.

**10** - околу нови начини промоција на спортот, генералниот секретар ја претстави својата визија. Во Србија имале организирано карате натпревари во училиштата, што ние одамна го имаме преку натпреварите во училишниот спорт.

Претседателот на WKF Еспинос на крајот се заблагодари и изјави дека е прв состанок на КФБ на кој присуствува и дека земјите од регионот може да придонесат за ЕКФ и WKF. Истакна колку е импресиониран од престојот во Македонија во кој за помалку од 24 часа остварил се што можел да посака и дека сме направиле повеќе одошто претпоставувал. Тоа е она што ја отсликува реалната состојба на македонското карате и тоа треба да биде пример за сите земји како треба да работат. Не само дека имаше средба со претседателот на МОК, со директорот на АМС туку и што слушнал најпофални и аргументирани зборови за КФМ и што таа претставува. Патот е јасен, мора во сите земји да се има поддршка од овие две инстанци, а КФМ е редок пример за сите како треба да се работи. Особено беше воодушевен од приемот кај премиерот, кој и покрај згуснатата агенда најде време да се види и да разговара за сите овие прашања. Заврши со тоа дека досега имал некакви нецелосни информации за нас како организација, но дека сега не постојат дилеми кои сме и што сме.

**Свечена вечера**

По состанокот организиравме заедничка вечера во ресторанот “Билјанини извори“ во Охрид, каде што во една пријателска и релаксирачка атмосфера гостите на чело со претседателот WKF Антонио Еспинос уживаа во македонската традиционална кујна, како и во македонските староградски песни но и музика од сите земји кои имаа свои претставници, со што на најдобар начин се презентиравме и на тој план. На свечената вечера присуствуваа и петмина членови на Извршниот одбор на КФМ, а во име федерацијата највозрасниот Александар Туфекчиевски на претседателот на ВКФ Антонио Еспинос му врачи подарок “триптих“ изработка на споменици од културното наследство на Македонија. Дружењето траеше до доцна по полноќ, кога на крајот во своето обраќање претседателот Еспинос уште еднаш се заблагодари за топлиот прием и за се она што беше направено за време на неговиот краток престој во Македонија и нагласи дека КФМ е пример секоја национална федерација, не само во регионот. Притоа истакна дека од се она што го доживеал тука е нешто што го немал доживеано во последните 20 години и дека од Македонија ќе си замине исполнет со импресии, кои ќе му дадат дополнителна енергија за она што го работи. Во моментите на неговото обраќање пристигна и претседателот на Карате федерацијата на Турција Есат Делихасан што само го надополни мозаикот во вечерата која сите долго ќе ја паметат, затоа што една од основните цели на Еспинос беше да се види со претставниците на сите балкански федерации. Колку за информација, турците требаше да допатуваат претпладне во Скопје, но поради магла летот беше одложен и пристигнаа доцна вечерта.

Извештајот го достави Горан Милковски и е доставен во оргинална верзија.

### 3.2.3 Состанок на Извршен комитет на КФБ, декември 2014 година, Софија

На состанокот од КФБ присуствуваа двајца членови на ИО на КФМ, Горан Милковски како делегат и Бесник Мурати, а за првпат откако е формиран КФБ сите имаа свои претставници. Состанокот се одвиваше според претходно доставениот дневен ред, по следниве точки :



**Заедничка слика на претставниците на Балканските национални карате федерации**

на состанокот беа претставници од 12 земји



**На состанокот беа присутни претставници од 12 земји**

1. Состанокот го отвори Петров, изрази благодарност што сите 12 земји имаат свои претставници што значи дека првпат имаме 100% кворум. Во 12 земји е и Грција која само присуствува, без право на глас. Потоа ја соопшти агендата која беше усвоена едногласно.

2. Петров се заблагодари за присуството на претседателот на ЕКФ и WKF Еспинос, што покажува дека со неговото присуство, КФБ добива една посебна димензија, затоа што по доаѓањето во Охрид каде што сите имале одличен престој, за неполни два месеца повторно првиот човек на светското карате е на Балканот.

Пипер му честита на Петров и го пофали дека тоа што го направиле во Софија пред првенството е стандард за организација. Има повеќе од 850 натпреварувачи од 12 земји, како потврда за се што се работело година ипол. Првенството ќе се одржи во големата градска арена „Армеец“ на 6 татами, а во текот на денот тие биле на прес конференција и на прием во Министерство за спорт. Рече и дека на ТВ ќе има пренос од отворањето и репортажа од борбите. И за оваа точка согласни беа сите присутни.

3. На 17 ноември е пратен извештај од БП во Охрид од страна на КФБ, еден месец по одржување на првенството. Во врска со тоа, Зелинка од Словенија им честита за брзиот и одлично изработен извештај, што покажува дека промените во КФБ беа нужни и дека сме на вистински пат кон она што го правиме. И ова беше прифатено едногласно.

4. Одново реферираше Пипер, кој изрази задоволство дека балканските земји покажаа единство на Конгресот во Бремен. Тоа е знак на доверба кон WKF и особено кон претседателот Еспинос. Сите кои беа таму се уверија дека нашето единство беше цврсто и дека секогаш ги поддржуваме вистинските идеи, кои се во полза на EKF и WKF.



**Претседателот на WKF Антонио Еспинос вторпат за два месеца на Балканот**

Претседателот Еспинос додаде дека за време на ЕП за млади категории во Цирих и на ЕП во Истанбул нема да има Конгрес, затоа што нема потреба од такво нешто пред најважниот настан, Европските игри во Баку. Им се заблагодари на Петров за поканата и на Пипер затоа што се чувствува како дел од нас.

-Околу Конгресот во Бремен, истакна дека неколку недели претходно сите ние бевме во Охрид каде што имал средби со сите нас. Уште еднаш повтори дека сето тоа што го доживеал таму е нешто што е највпечатливо во неговите долги години претседателствување. Бил во многу земји, но како ретко каде во повеќето балкански се чувствува исто како дома. Она што го фасцинирало е специфичноста на вашето единство, кое не не прави една по една, туку 12 балкански земји кои докажаа колку се моќни кога е најпотребно. И ова беше прифатено од сите присутни.

5. Во периодот од 21 - 22 февруари 2015г. во Чачак ќе биде БП за сениори. Тој е меѓу 3 главни центри во Србија на 120 км од Белград во центарот на Србија. Пипер предложи најдобрата екипа да добие престижен 'златен појас' како севкупна награда. И ова се прифати едногласно.

6. Околу предлози во писмена форма, нема никакви барања. Единствено грчкиот национален сојуз пратил допис на кој е одговорено и доколку сме расположени да ги примиме за полноправна членка на КФБ. Но за да дојде до тоа, најпрвин од нив бараме некои објаснувања од претходниот период, за кои сеуште нема одговор. Се работи за нерасчистените сметки на Џорџ Јеролимпос.

-во поглед на оваа точка е поканет претседателот на Карате федерација на Косово да биде гостин, со можност во блиска иднина да биде дел од КФБ. Тоа што е член на Меѓународен олимписки комитет, ќе ни помогне за прием.

-Со оглед што оваа точка се претвори во општа дискусија, се јавија претставници на одредени земји. Кипар сака организација на БП во 2017 година, Албанија бара 2016 година за сениори, а БиХ сака да биде домаќин 2016 деца или за кадети -јуниори.

Во продолжение се дискутираше на разни теми, а главно беа споменати :

-судењето ( пофалено во Охрид како идеално, без ниту еден приговор ). Во иднина да им се даде можност на перспективни млади судии да се "калат" покрај интернационалните судии, а притоа да не се наруши квалитетот.

-финансиите, дека треба да се помогне на домаќинот кој не добива ништо од котизација. Во тој сегмент и дека може да се подигне натпреварувачката такса или да се изнајде начин организаторот да не биде изложен на поголеми трошоци. Но тоа да се изнивелира за да не се

намали бројот на учесници, а притоа да се помогне на домаќинот со разликата во котизација. Ова е идеја која треба да се разработи без да се наруши состојбата и да се добие контраефект.

За крај Еспинос даде важни информации за Баку. Тие игри се позначајни дури и од од европско или светско и од било кое друго натпреварување. Го знаеме системот и квалификациите, тоа е исклучиво првенството во Истанбул. Шесте најдобри одат во секоја категорија, плус еден од Азербејџан, и осмиот е по принцип на универзалност. Може осмиот да е само од земја која не се квалификувала во ниедна категорија, за да има што повеќе држави. Според некоја статистика ќе има вкупно 30 земји најмалку со еден учесник. Теоретски може да бидат и над 45 земји со по најмалку еден каратист. Најважно е дека се ќе оди преку национални олимписки комитети, кои ги акредитираат спортистите. Тука зедов збор да им кажам дека ние имаме 6 резервации од МОК со кој имаме одлична соработка и дека тој број може да се смени, зависно од успехот на ЕП. Според бројот на каратисти би бил и бројот на тренери ...завршив со тоа дека сите присутни треба да работат на лобирање кај своите олимписки комитети. Еспинос ме поддржа дека ова е новост за сите, но и препорака да го следат нашиот пример и дека е одлична работа што имаме такви релации со МОК во што тој лично се уверил. Притоа, зборуваше за државите, неколкупати спомена - цитирам "Македонија за пример".

Спомна и дека еден од критериумите за да се пробие каратето на Олимписки игри е да има исклучително квалитетно судење во Баку. Мора да сме единствени, и ако 50 европски земји се борат за иста цел, нема сила која ќе не спречи да влеземе на ОИ.

Со оглед што имаше размена на мислења и усни излагања на повеќе теми, се усогласивме сите предлози да бидат во писмена форма адресирани до дотичната комисија и таму да се разгледуваат. Извршниот комитет може да дискутира дури откако сите прашања поминат преку комисиите кои треба конечно да се формираат и да работат на тоа, па после да дојдат со конкретни предлози до ИК на КФБ.

После завршување на седницата доби збор Илијас од Грција. Се заблагодари што доби шанса да учествува на овој "семеен" состанок. Сите ние имавме големи проблеми со грчката федерација поради една личност, но исто така и тие како фракција која сака да продолжи транспарентно се соочуваат со еден лош човек кој им прави големо зло и внатре во државата. Јеролимпос сеуште ја чува како заложник грчката федерација, но тој мисли дека се ќе заврши пред Баку.



**Признание за Пипер, новиот член на ИК на ЕКФ**

На крајот претседателот на WKF Антонио Еспинос му додели беџ на Славољуб Пипер, кој неодамна беше избран за член во Извршниот комитет на ЕКФ.

Извештајот е доставен од Горан Милковски и е доставен во оргинална верзија.

## 3.3. КОНГРЕС НА МЕДИТЕРАНСКА ФЕДЕРАЦИЈА

Конгресот на Медитеранска карате федерација се одржа на ден 12.09.2014 год. со почеток во 18:00 часот во една од просториите на официјалниот хотел PRINCESS каде и беше одредено претходно во билтенот од страна на Карате сојузот на Црна Гора како организатор на медитеранското сениорско карате првенство. Работата на конгресот го отвори и со него претседаваше претседателот на Медитеранска карате федерација унија **г-дин. *Bechir Cherif*** кој со посебна почит ги поздрави присатните претставници на националните федерации, и го информира конгресот , околу работата на МКФУ, Претседателот на МКФУ во своето излагање беше задоволен со работата на националните федерации членки на МКФУ и резултатите што оваа федерација ги постигна пред да биде тој претседател и додека е тој претседател.

Првенствата на МКФУ се од голем корист на националните федерации за тоа што репрезентативците се проверуваат пред значајни првенства како и сега што е пред Светското првенство која ќе биде организирано во Бремен Германија. На конгресот присуствуваше и почесниот претседател на MKFU ***г-дин. Giuseppe Pellicone*** за кого и ние и по младите генерации кои ќе доаѓаат треба да имаат почит затоа што Македонија во медитеранска федерација е примена како членка за неговото време кога тој беше претседател тоа во текот на разговорот сега во Бар ми спомна и за нашата федерација и дека и тој гледа со почит. Со циркуларно писмо на кој се потпишуваше секој присатен делегат од националните федерации членки, по потпишувањето се констатира дека на конгресот се присутни следните претставници од 15 држави членки: Bechit Cherif – Тунис, Stjepan Celan – Хрватсак, Бесник Мурати – Македонија, Славолуб Пипер и Срахиња Тепавчевиќ – Србија, Драган Сакотиќ и Владимир Мрваљевиќ – Црна Гора, Manos Dimitriadis – Грција, Masci Thierry – Франција, Donati Sergio – Италиа, Петрит Баба – Албанија, Арнела Оџаковиќ – БиХ, Essat Delihasan i Murat Colakoglu – Турција, Mostafa Fekevy i Mohey Eldin Mohamed – Египет, Andreas Vasileiou – Кипар, Fekkak Hassan – Мароко, Antonio Moreno i Jose Maria De Dios – Шпанија.

Конгресот го поздрави од страна на домаќините бившиот претседател на Карате сојузот на Црна Гора Владимир Мрваљевиќ и сега избраниот претседател Драган Сакотиќ .



**Делегатите на Изборниот Конгрес на Медитеранска Карате Федерација**

По поздравот на домаќините свои извештај за досегашните активности на федерацијата даде генералниот секретар Андреас Василеиоу, извештајот на секретарот беше се во позитина конотација кон досегашните активности спортски и други и ангажирањето околу веб страна како тоа да се комлетира со сите податоци. Исто така по него краток извештај имаше и благајникот на федерацијата Манос Деметриадес како што е и досегашна пракса на другите конгреси без некоја дискусиа или забелешка, двата извештаи така беа прифатени . По дневниот ред следеше точка за избор на нов извршен комитет, избор на претседател немаше затоа што на претседателот мандатот му трае исто како на претседателот на ЕКФ шест години. Од националните карате федераци членки на МКФУ за изборниот Конгрес пред месец и половина барано е да предложат свои кандидат за ИК ако се заинтересирани така што и нашата федерација сигуно имало таква информација правовремено но јас не сум запознат зошто ние не сме предложиле кандидат, право на самиот конгрес да се предлага не е можно односно јас и не бев овластен да давам предлог, и така до МКФУ имаше писмени предлози стигнати на предложениот рок со конкретни имиња од 14 национални федераци и тоа:

| Р.Б | НАЦИОНАЛНА КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА | ПРЕДЛОГ |
|---|---|---|
| 1 | *Албанска Карате Федерација* | *PETRIT BABA* |
| 2 | *Алгжирска Карате Федерација* | *OUALI MAHFOUD* |
| 3 | *Hrvatska Karate Federacija* | *STJEPAN CELAN* |
| 4 | *Кипарска Карате Федерација* | *ANDREAS VASILEIOU* |
| 5 | *Карате Федерација на Египет* | *MOHEY ELDIN* |
| 6 | *Француска Карате Федерација* | *THIRRY MASCI* |
| 7 | *Грчка Карате Федерација* | *MONOS DEMITRIADES* |
| 8 | *Италјанска Карате Федерација* | *SERGIO DONATI* |
| 9 | *Карате Федерација на Малта* | *KENNETH ABELA* |
| 10 | *Карате Федерација на Црна Гора* | *ДРАГАН ШАКОТИЌ* |
| 11 | *Карате Федерација на Мароко* | *MOHAMMED MOUKTABIL* |
| 12 | *Српска Карате Федерација* | *ПИПЕР СЛАВОЛЈУБ* |
| 13 | *Шпанска Карате Федерација* | *ANTONIO MORENO* |
| 14 | *Турска Карате Федерација* | *ESSAT DELIHASAN* |

По точката за избор на новите членови на извршниот комитет на Медитеранската карате федерација, претседателот Бечир на делегатите им предложи сите кандидати кои се предложени од националните карате федерации да бидат прифатени и со можност накнадно да се кооптира уште еден член од Либан за да на извршниот комитет на МКФУ има опфатено членови од трите континенти Европа,Африка,Азија и така мислам дека е по комплетен ИК на МКФУ ако нема против или пак друг предлог ве молам тогаш да ги поддржиме предложените.Со предлогот на претседателот делегатите едногласно се согласија да предложените кандидати и можноста да се кооптира уште еден член од Либан за да го формират новиот ИК на МКФУ за наредните четри години. Овој момент на прифаќањето на сите кандидати на нас како федерација ни дава да размислиме дека во иднина добро е да пратиме кандидатури за одредени функци во меѓународните асоцијации затоа што во одреден момент може да ни биде во корист, повлекувањето на кандидатурите на лице место е лесна работа односно кандидатурата на лице место е невозможна затоа што пријавувањето за одредени функци е со рок на пријавата.

Во дискусиите околу Статутот на МКФУ конгресот одлучи Статутот да биде усогласен целосно во соработка со СКФ и да биде испратен до сите членови на Извршниот комитет на Медитеранска карате федерација.



***Моменти во текот на работатата во когресната сала***

По точката предлози се разговараше и за идните спорски активности односно Медитеранските првенства каде ќе се одржуваат и која национална федерација ќе биде организатор. Според предлогот на претседателот и генералниот секретар направениот распоред за наредните медитерански првенства се отвори дискусија, бидејќи медитеранското првенство кое требаше ние да го организираме во 2016 година му беше доделено од страна на претседателот и генералниот секратар да биде организатор Карате федерцијата на Мароко која имала и званично писмо до нив односно канцеларија. Јас веднаш реагирав на тоа дека ние сме ја добиле организацијата на конгресот во Тузла и тоа не може така да се додели на друга федерација, за која и барав да го потврдат и присутните делегати кои биле и на конгресот во Тузла. Во тој контекст исто така дискутираше и ме подржале и Пипер, Стјепан Челан и други меѓутоа образложенијето на генералниот секретар Андреа беше тоа што није немаме пратено писмо да ја потврдиме организацијата и на конгресот минатата година во Кипар нашиот делегат не реагирал на тоа кога настанала дискусија, и така размени на дискуси имаше доста и на крај претседателот Бечир ме замоли Медитеранското првенство во 2016 година да го организира Мароко а на нас да ни биде доделено и бараше да ја прифатиме организацијата на Медитеранското првенство за Кадети, Јуниори и У-21 за 2017 година.

Заеднички на Конгресот донесовме одлука за следниот распоред на првенствата:

1. 24-то Медитеранско Карате првенство за Кадети/Јуниори и У-21 2015-то година да биде во Египет ,
2. 25-то Медитеранско Карате првенство за Сениори 2016 година да биде во Мароко,
3. 26-то Медитеранско Карате првенство за Кадети/Јуниори и У-21 2017-то година да биде во Македонија и
4. 25-то Медитеранско Карате првенство за Сениори 2018 година да биде во Грција,

Во текот на моите дискуси барав за да не доаѓа до такви недоразбирања во иднина комуникацијата со националните федерации треба да биде по транспарентана со тоа што после сите конгреси или состаноци на извршниот комитет до националните федерации канцеларијата на МКФУ преку E-mail да ги достави сите одлуки, забелешки или иницијативи кои се донесени во форма на записник. Мојот предлог од претседателот и присутните делегати беше добро прифатен. Претседателот Бечир на крај дојде до мене и ми се заблагодари што дојдовме до разбирање за измената на календарот на натпреварот. Со донесената одлука за календарот за наредните спортски активности, 23 конгрес на Медитеранскета карате Федерација заврши со

својата работа. По завршувањето на конгресот во салата останаа членовите на ИК да го одржат првиот состанок во нов состав.

| НОВИОТ ИЗВРШЕН КОМИТЕТ НА МКФУ ГО СОЧИНУВААТ | | |
|---|---|---|
| **ФУНКЦИЈА** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ** | **ДРЖАВА** |
| **Pretsedatel** | ***Bechir Cherif*** | **Тунис** |
| **Почесен.Претседател** | **Giuseppe Pellicone** | **Италија** |
| **Прв Потпретседател** | **Esat Delihassan** | **Турција** |
| **Потпретседател** | **Antonio Moreno** | **Шпанија** |
| **Потпретседател** | **Sergio Donati** | **Италија** |
| **Генерален Секретар** | **Andreas Vasileiou** | **Кипара** |
| **Асистент на Ген.Секретар** | **Mohey Eldin Mohammed** | **Египет** |
| **Благајник** | **Manos Dimitriades** | **Грција** |
| **Асистент на Благајникот** | **Пипер Славолјуб** | **Србија** |
| **Член** | **Stjepan Celan** | **Хрватска** |
| **Член** | **Thiery Masci** | **Франција** |
| **Член** | **Petrit Baba** | **Албанија** |
| **Член** | **Kenneth Abela** | **Малта** |
| **Член** | **Драган Сакотиќ** | **Црна Гора** |
| **Член** | **Ouali Mahfoud** | **Алжир** |
| **Член** | **Mohammed Mouktabil** | **Мароко** |
| **Член** | **Abdallah Sala** | **Либан** |

Извештајот е доставен од Бесник Мурати и е доставен во оргинална верзија..

## 3.4. СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ЗА СЕНИОРИ

### 3.4.1 Конгрес на WKF, ноември 2014, Бремен

Преставници на Конгресот беа Горан Милковски и Бесник Мурати кои го истакнаа следното:

Според многу параметри и претходни искажувања на делегатите од повеќе земји кои имаат долгогодишно искуство во работата, ова беше еден од најзачајните собири досега во историјата на каратето, затоа што главна точка беше изборот на нов Извршен одбор што требаше да даде јасна порака за стабилноста во меѓународното карате, иако постоеше спротивна фракција со интенција да го дестабилизира системот. Причината беше позната, конфликтот кој ескалира на највисоко ниво во летниот период 2013 година, по кој имаше краткотраен кризен период и како логична последица од тоа реорганизација на светското карате кое стана многу поединствено и посилно од кога и да е во минатото. Од рака на сите членки на WKF им одеа одредени случувања на глобален план, како што се изборот на нов претседател на Меѓународниот олимписки комитет, како и изборот на Токио за домаќин на Олимписките игри во 2020 година.

Пред Конгресот имавме повеќе средби со делегатите од разни земји, пред се од балканското опкружување и во сите разговори беше потенцирано задоволството од организацијата на Балканското првенство во Охрид, буквално на секој план. Секако и потребата да бидеме единствени кога се работи за доброто на каратето воопшто. На ова се надоврза и претседателот на WKF Антонио Еспинос, кој пред почетокот на Конгресот уште еднаш лично се заблагодари за се она што го доживеал во неговата посета во Република Македонија и со задоволство истакна дека тоа го ставиле на нивната веб страница која има милионска посетеност. Истото го повтори пред неколкутемина присутни делегати од разни земји, каде што потенцира дека Карате федерацијата на Македонија е пример за добро организирана федерација, всушност она што во WKF се залагаат да биде секоја Национална федерација во својата земја.

Конгресот почна со повеќе од еден ипол час задоцнување, пред се поради доцнењето со почетокот на регистрацијата на делегатите а потоа и проверката на нивниот идентитет и авторизација. Според дневниот ред, редоследно течеше вака :



***Претседателот Антонио Еспинос во историскиот конгрес***

Регистрација на делегатите –беа евидентирани делегати од 114 земји со право на глас. Најпрвин му се оддаде почит на претседателот од Португалија Жоао Салгадо кој починал во месец јуни годинава.

Воведен краток говор имаше претседателот на WKF Антонио Еспинос, со благодарност до Волфганг Вајгерт за се што е преземено за СП во Бремен. Потоа се обрати претседателот на германската карате федерација, кој на сите им посака топло добредојде. Беше краток и јасен, целта е каратето наскоро да стане Олимписки спорт, истовремено да биде параолимписки спорт а СП во Бремен да биде спектакуларен настан. Заврши со тоа дека тука ќе има нешто што не се случило во историјата на спортот – цитирам „каратисти од 22 земји од сите пет континенти ќе учествуваат во натпреварите за спортисти со индвалидитет во „ОВБ“ арена, на исто место каде што ќе се натпреваруваат најдобрите каратисти од светот. По ова што ќе се случи во Бремен едноставно ние не можеме повеќе да бидеме надвор од ОИ, туку ќе бидеме во нив. Добредојдовте во Бремен“ – заврши Волфганг Вајгерт.



***Видео пораката на Томас Бах - најпофални зборови WKF и за каратето***

Во продолжение беше презентирана видео пораката од претседателот на Интернационалниот олимписки комитет Томас Бах, кој се извини затоа што мора да биде во Индонезија на состанок на ИОК. Притоа искажа благодарност за се она што се прави во WKF на чело со претседателот Антонио Еспинос, со кого лично имал многу значаен состанок по кој позитивното партнерство продолжува уште понагласено. Бах рече дека каратето е одличен спорт идеален за сите генерации од најмлади возрасти, подеднакво се води грижа и за жени и мажи и го развива спортот насекаде во светот. Ова е многу важно за О И во 2020 година и се што се прави е усогласено со начелата на олимпиското движење. Заврши со зборовите „денес е важен ден во кој имате Конгрес и им посакувам среќа на сите кандидати, секако и на сите спортисти кои ќе настапат на С П да имаат најдобри можни перформанси и резултати, а наше е да ги следиме сите случувања во каратето“ – беа зборовите на видео пораката на Томас Бах, председател на ИОК.

Еспинос повтори дека Ова е посебен Конгрес. Состојбата во каратето е најдобра досега каква што никогаш не била во историјата, во секој поглед и во светската карате федерација и вон неа. Од лани од август имаме огромен развој на секој план и може да видиме дека иднината на каратето е посветла од било кога, дека конечно може да се остварат дологодишните соништа за статусот на овој спорт. Овој Конгрес е битен за сите кои му сакаат добро на каратето, а ќе биде лош за сите кои мислат само на својот интерес и време е да расчистиме со нив.

Откако беше прифатен извештајот од Париз, се мина на главната точка Избор на 16 членови на Извршен комитет. Имаше дискусии од Италија, Грција, Венецуела и Иран околу маргинални работи, дека требало да има поинаков редослед во агендата. За ова прашање кандидатот за Извршниот одбор Јеролимпос протестираше дека не било демократски и транспарентно и дека вака не може да влеземе на Олимписките игри. Претседателот Еспинос му одговори “биди сигурен дека бргу ќе влеземе, но за жал тоа ќе биде без тебе“ по што следуваше долготраен аплауз.



***Манипулациите завршија – Јеролимпос прогласен за непожелен***

На другите им одговори дека во статутот не стои стриктно која точка по кој редослед би била на дневен ред и тоа воопшто не е важно. Само четири земји беа за тоа да се смени агендата. Се гласаше за 4 членови од Азија од 7 предложени кандидати, од Европа за 5 од 9 пријавени, од Јужна Америка 3 од 3, од Африка 3 од 5 и од Океанија имаше само еден кандидат.

Откако Еспинос ја образложи постапката се мина на презентација на кандидатите, од кои по двочасовна пауза поради гласање и пребројување, беа избрани следните :

Од Азија Алканас Ибрахим од Сауди Арабија, Насер Алсароги ос ОАЕ, Кунг Хуи Чанг од Тајпеј и Јапонецот Тошихиса Нагура. Од Европа Дидие Франсис од Франција, Мајк Динсдејл од Велика Британија, Ирса Линквист од Финска, Гунар Нордал од Норвешка и Волфганг Вајгерт од Германија, кој е претседател на комисија WKF за лица со инвалидитет. Од Панамерика се тројцата предложени, претседателот на Пан Американска федерација и потпретседател на WKF Хозе Махон од Аргентина,Тони Мендез од Порторико кој е генерален секртар на WKF и Вилијам Милерсон од Курасао, како и од Океанија единствениот предложен Маргарита Лена од Фиџи. Од Африка се Бешир Шериф од Тунис, Сулејман Гаје од Сенегал и Окомби од Конго. Практично, сите беа кандидати кои беа избрани со огромно мнозинство, што значеше дека фракцијата на поранешниот генерален секретар доживеа дебакл.



***Новиот Извршен комитет на WKF со четиригодишен мандат***

**-предложените измени на WKF статутот** се потврдени од И К. Промените се однесуваат на членовите 2 10 во 12.21 13.1 и 13.4 во 13.5 13.6 и 13.7 во 13.25 и 14.2.

Се побунија одново претставниците на Сингапур, Грција Иран и Венецуела околу промените дека не се демократски, затоа што се зголемува старосната граница на И О над 70 години возраст, дека не може 25 луѓе да решаваат за сите и дека не смее да им се даде толкава моќ. Предложените промени се изгласани со 110 спрема 4 гласови против.

**- Рапорт на претседателот - Маркетинг & комуникација Бремен**

Приход кој е остварен во Бремен е 550 илјади франци. Во поглед на телевизиската покриеност СП во Белград го пренесувале 80 држави, во Париз 100 а во Бремен С П го пренесуваат 120 земји. На социјалните мрежи имаме 16.550.000 подржувачи додека на „you tube“ видео гледаноста била 13.500.000. Вкупно земено во поглед на популарноста, гледаноста на карате првенствата има огромна разлика во однос на осум други олимписки спортови. Исто така е издадена книга за каратето која се разделува по Национални олимписки комитети и министерства за спорт како и до карате федерациите, да видат сите во поедини земји што е каратето. „Ние сме амбасадори на каратето во своите земји и треба да сме поагресивни во презентирањето на нашиот спорт. Каратето не е разделено, туку обединето како никогаш порано и тоа треба да го знаат сите. Треба да сме горди што сме во ваква ситуација во која никогаш не сме биле порано, но тоа не значи да спиеме и да не продолжиме да работиме. Не само да зборуваме, туку и да покажеме кои сме со нашата работа“ – истакна Еспинос.




***Огромна популарност на каратето на социјалните мрежи***

**-Рапорт на генерален секретар**

Од минатата година во Гвадалахара Тони Мендез беше на позиција генерален секретар, поранашен функционер во седештето на Интернационалниот олимписки комитет во Лозана. Работел на тоа да се разделат надлежностите во светската организација, па највисоко тело е Конгресот а под него се И О и претседателот на WKF. Под претседателот се администрацијата и генералниот секретар, итн.

**-Извештај на претседателот на спортска комисија Роланд Ловингер**

Генерално се однесуваше на извештајот од испитите на судиите. Вкупно имало 307 кандидати од кои 104 во ката а 203 кумите. Тие што имале под 2,5 поени паднале а над таа бројка поминале. Одредување на поените бил најважен фактор. Тука од сите кандидати положиле 110 или 54% а 93 паднале или 46%. Најважно е што во Мелака имало многу послаби резултати а во Бремен знаењето на судиите е на многу повисоко ниво. Исто така важно дека има дури 407 мажи и само 38 жени судии.

Уште нешто новина која во Премиер лигата. Ловингер го истакна системот “спортдата“ која ги одредува листите за судиите по националност и лиценца и кој колку пати бил ангажиран.

Од ова може да се искористат сите судии во поглед на рамноправната застапеност при судењето.

Околу „фејс маските“ спомена дека останувaaт до крајот на 2015 год. поради договор кој го имале со производителите.




***Судиите се повеќе ги подобруваат перформансите***

**- Благајнички извештај и аудит рапорт**

Презентирани се извештаите за финансиската работа во 2012 и 2013 и планиран е буџет за периодот од 2015 и 2016 година. Се што беше презентирано е прифатено. Што е најважно , приходите секоја година се зголемуваат и во наредните години уште повеќе ќе растат. Ние сме 16 години со позитивни извештаи од независниот аудит во поглед на работата и така треба да продолжиме.

-***Следни Светски првенства***

А. Презентација на следни првенства Индонезија 2015 Џакарта и Австрија 2016 година во Линц. Ќе биде во Типс арена во Линц.

Б. Предлог за наредни С П

Во 2017 за јуниори и кадети според статутот И О го предложи Каиро а 2018 во Лима.

- ***разно***

-Се јави Унгарија да се кандидира за домаќин 2020 година.

- Во Индија има престројување во поглед на карате федерацијата која го смени името во КАИ Или карате асоцијација на Индија. Имало проблеми тужби па зборуваше нивниот претседател Диагарахан по што беа прифатени во WKF семејството.

Претседателот на Карате федерација на Србија Славољуб Пипер зборуваше за проблемите последните три години со балканската федерација и за проневерите на екс генералниот секретар Џорџ Јеролимпос, кој не дал никаков извештај. Само лани на Балканското првенство во Крагуевац се земени близу 42.000 евра и сеуште нема ништо во поглед на финансиските работи, а тоа беше пример последниве 3 години. Предлог е да се прогласи Џорџ Јеролимпос за персона нон грата. Истовремено грчката федерација да не се крие веќе зад еден човек и да апстинира од меѓународните натпреварувања и предлог е да се помогне на еден дел од нив да се активираат. По ова имаше мали бранувања од претставникот на Сингапур дека не треба да носиме такви драстични одлуки, особено не во отсуство на прозваниот. Еспинос му одговори дека до предмалку беше тука и негов проблем е што во моментот е отсутен, по што со огромно мнозинство Јеролимпос беше „изгласан“за „персона нон грата“ што беше финале на Конгресот во Бремен, а истовремено процесот за неговите проневер продолжува.

Подоцна Извршниот комитет на WKF го избра Јапонецот Тошихиса Нагура за генерален секретар, со што првпат земјата од која потекнува овој спорт добива значајна функција во

меѓународното карате. Со тоа заврши „историскиот“ конгрес во Бремен, а одлуките и дискусиите на најдобар начин ги отсликуваат состојбите во меѓународното карате, но и цврстите позиции кои ги ужива.



***Еспинос и Вајнарт на свечениот коктел***

**Свечен коктел**

Во четвртокот на 7 ноември претседателот на германската федерација Волфганг Вајгерт организира свечен коктел за претставниците на земјите учеснички на СП. Уште еднаш во краткото обраќање потенцира дека ова е како едно големо семејство во кое сите имаме една заедничка цел, да се грижиме за каратето и наскоро да се радуваме на влез на Олимписките игри. Претседателот Еспинос го потврди истото, а потоа пред поголем број претставници од балканските земји, но и од Русија, Украина, Индија и Канада во присуство на својата сопруга одново ги потенцира моментите и импресиите кои ги доживеал за време на престојот во Македонија. Сето тоа покажува дека КФМ со својот квалитетен начин на работа предводена од претседателот Драган Стојановски, во континуитет само го подобрува својот статус кој најпрвин го изгради во земјава, а паралелно со тоа и во меѓународни рамки, од регионални па сега и до светски.

Извештајот е доставен од делегатите Горан Милковски и Бесник Мурати.

# 4. МЕЃУНАРОДНА ПРОГРАМА

## 4.1. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ЗА КАДЕТИ И ЈУНИОРИ И ЕВРОПСКИ КУП ЗА ЈУНИОРИ ДО 21 ГОД.

### 4.1.1 Лисабон, Португалија 07.02. – 09.02.2014 год.

Европското првенство за кадети и јуниори и Европскиот куп за јуниори до 21 година се одржа во Лисабон, Португалија, во периодот од 07-09.02.2014 година. Македонската репрезентација ги постигна следните резултати:

Берат Јакупи освои златен медал во конкуренција на постари јуниори. Во најтешката категорија +76 кг македонскиот репрезентативец оствари 5 победи, и на доминантен начин дојде до златниот медал. Тоа е негово четврто злато, откако беше европски првак во категорија на кадети (во Париз 2009 година), Измир во категорија на јуниори (2010 година), Коња во категоријата јуниори до 21 година (2013 година) со што е првиот македонски спортист кој има европски титули во три различни возрасни категории.






**Берат Јакупи – златен медал, Мартин Стојменов – бронзен медал,**

Покрај златото на Јакупи кај постарите јуниори, освоени се уште три бронзени медали, и тоа Мартин Стојменов во јуниорска конкуренција, Пулексенија Јованоска во јуниорки до 21 година и ката тимот во состав Маријана Димоска, Мишела Димоска и Искра Каракашоска.







***Ката тим Маријана, Мишела и Искра и Пулексенија Јованоска бронзени медали***

Во продолжение е даден табеларен преглед на настапите и пласманот на репрезентативците кои учествуваа на Европското првенство за кадети и јуниори и Европскиот куп за јуниори до 21 година.

**Европско првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година - Лисабон, Португалија, 07-09.02.2014**

| Ред бр. | Име и презиме | Карате Клуб | Категорија | Број на учесници | Пласман | Број на мечеви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Маријана Димоска | Ронин | Ката кадетки | 25 | Петто место | 3 победи UKR 4:1, CRO 5:0 и FRA 4:1 и 2 порази ESP 1:4, ITA 0:5 |
| 2 | Реџеп Мустафовски | Гив | Ката кадети | 28 | Без пласман | 1 пораз од DEN 1:4 |
| 3 | Пуликсенија Јованоска | Ронин | Ката јуниорки до 21 година | 21 | Трето место | 3 победи GRE 5:0, FRA 4:1 и GER 5:0 и 1 пораз TUR 2:3. |
| 4 | Маја Јованова | Маваши | Кумите кадетки -47 кг. | 24 | Без пласман | 2 порази CRO 0:8 и AZE 2:6 |
| 5 | Вероника Костовска | Кеикс | Кумите кадетки -54 кг. | 32 | Без пласман | 1 пораз RUS 0:3 |
| 6 | Марија Спасовска | Шампион | Кумите кадетки +54 кг. | 29 | Без пласман | 1 пораз SUI 0:5 |
| 7 | Роберто Ачковски | Металург | Кумите кадети -57 кг. | 31 | Без пласман | 1 пораз SVK 1:3 |
| 8 | Стефан Апостоловски | Маваши | Кумите кадети -63 кг. | 33 | Без пласман | 1 победа NIR 5:0 и 1 пораз GER 0:2 |
| 9 | Доан Османи | Фати | Кумите кадети -70 кг. | 31 | Без пласман | 1 пораз BEL на изјаснување 1:1 |
| 10 | Петар Спасеновски | Металург | Кумите кадети +70 кг. | 22 | Без пласман | 1 победа HUN на изјаснување 1:1 и 1 пораз AZE O:1 |
| 11 | Маја Војдиновска | Гладијатор | Ката јуниорки | 27 | Без пласман | 1 пораз TUR 0:5 |
| 12 | Ферри Исиќ | Вардар | Ката јуниори | 28 | Петто место | 2 победи SUI 1:4, AUT и 2 порази од ESP 0:5, HUN |
| 13 | Васил Бешлиев | Функакоши | Ката јуниори до 21 година | 25 | Без пласман | 1 пораз SLO 0:5. |
| 14 | Христина Ристиќ | Ботони | Кумите јуниори -48 кг. | 27 | Без пласман | 1 пораз TUR 0:5 |
| 15 | Ана Тошевска | Кеикс | Кумите јуниори -53 кг. | 22 | Без пласман | 1 пораз POL 1:5 |

| Ред бр. | Име и презиме | Карате Клуб | Категорија | Број на учесници | Пласман | Број на мечеви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Марија Василева | Ботони | Кумите јуниори -59 кг. | 25 | Без пласман | 1 пораз LAT 0:1 |
| 17 | Сара Симоноска | Спорт 94 | Кумите јуниори +59 кг. | 27 | Без пласман | 1 пораз UKR 0:6 |
| 18 | Михаил Ѓурќиновски | Металург | Кумите јуниори -55 кг. | | Без пласман | 1 пораз ENG 5:6 |
| 19 | Мартин Стојменов | Партизан | Кумите јуниори -61 кг. | 33 | Бронзен медал | 4 победи ROU 11:1, TUR 1:0, BIH 3:1, LUX 0:0 на изјаснување (3:2) и 1 пораз DEN 0:1 |
| 20 | Адил Мехмед | Металург | Кумите јуниори -68 кг. | 35 | Без пласман | 1 пораз 0:0 HUN на изјаснување (1:4) |
| 21 | Петар Заборски | Макпетрол | Кумите јуниори -76 кг. | 31 | Без пласман | 1 пораз GER 0:4 |
| 22 | Семир Ќосовиќ | Металург | Кумите јуниори +76 кг. | 29 | Без пласман | 1 победа ISR 3:0 и 1 пораз UKR 0:1 |
| 23 | Ката тим | Ронин | Ката тим кадетки - јуниорки: | 13 | Бронен медал | 2 победи POR 5:0, GER 5:0 и 1 пораз TUR 1:4 |
| 24 | Ико Ташев | Металург | Кумите јуниори до 21 год. – 68 кг. | 33 | Без пласман | 1 пораз POR 0:1 |
| 25 | Емир Ќосовиќ | Металург | Кумите јуниори до 21 год. – -78 кг. | 34 | Девето место | 1 победа SRB 7:1 I 2 порази ALB 0:1, MNE 2:5 |
| 26 | Берат Јакупи | Фати | Кумите јуниори до 21 год. – +78 кг. | 30 | Златен медал | 5 победи: BEL 6:1, SRB 3:0, SLO 2:0, FRA 8:1, POR 4:0 |
| 27 | Сара Радичевска | Макпетрол | Кумите јуниорки до 21 год. – 53 кг. | 20 | Без пласман | 1 пораз TUR 0:5 |
| 28 | Симона Заборска | Макпетрол | Кумите јуниорки до 21 год. – 60 кг. | 33 | Без пласман | 1 пораз AND 0:1 |
| 29 | Драгана Тодорова | Металург | Кумите јуниорки до 21 год. + 60 кг. | 23 | Без пласман | 1 пораз SVK 1:10 |

## 4.2. БАЛКАНСКИ ПРВЕНСТВА

### 4.2.1 Балканско првенство за натпреварувачи 11-14 години, Истанбул. Турција, 15-16 јуни 2014 година

Карате федерацијата на Македонија настапи со 97 натпреварувачи и освои 16 медали од кои 4 златни, 3 сребрени и 9 бронзени медали:



***Роберто, Горан и Владанка***

**Златни медали:**

1. Јован Васиќ (КК Гладијатор - Велес) - кати поединечно 2001 година
2. Ката тим во состав: Марко Бунтески, Александар Спасевски и Бојан Манчевски (КК Фунакоши - Скопје) - ката тим 2002/2003 година.
3. Ката тим во состав: Кирјана Камческа, Лина Димеска и Матеа Талеска (КК Ронин - Прилеп) - ката тим 2000/2001 година.
4. Роберто Ацковски (КК Металург) - кумите поединечно 2000 година - 63 кг.






***Кирјана Камческа, Лина Димеска, Ката тим Марко, Александар и Бојани Матеа Талеска***

**Сребрени медали:**
1. Абдурахим Идриз (КК Форца -Скопје) - кумите поединечно 2001 година - 40 кг.
2. Ефрах Халими (КК Форца - Скопје) - кумите поединечно 2001 година - 47 кг.
3. Филип Несторовски (КК Металург) - кумите поединечно 2000 година - 70 кг.




***Јован Васиќ и Абдурахим Идризи***

**Бронзени медали:**
1. Кристијан Бајоски (КК Фунакоши - Скопје) - кати поединечно 2003 година
2. Александар Неделковски (КК Јошитака - Скопје) - кати поединечно 2002 година.
3. Матео Причков (КК Јошитака - Скопје) - кати поединечно 2002 година.
4. Владанка Аврамова (КК Урбан Инвест - Кавадарци) - кати поединечно 2002 година.
5. Абдурахим Идриз (КК Форца - Скопје) - кати поединечно 2001 година.
6. Ката тим во состав: Јован Васиќ, Георги Бановски и Христијан Димитријевски (КК Гладијатор - Велес) - ката тим 2000/2001
7. Ката тим во состав: Владанка Аврамова, Ивона Муфтарова и Миа Маневска (КК Урбан Инвест - Кавадарци) - ката тим 2002/2003.
8. Илир Бајрами (КК Башкими 2002 - Куманово) - кумите поединечно 2003 година - 35 кг.
9. Омер Муслији (КК Ринија - Матејче) - кумите поединечно 2003 година - 40 кг.

### 4.2.2. Балканско првенство за сениори, Охрид, 18 - 19 октомври 2014 година

**КФМ поставува нови стандарди на Балканот**

Македонското карате од ден на ден се стекнува со се поголема репутација, како на локално ниво, така и на меѓународно. Последен пример е штотуку завршеното Балканско првенство во Охрид, кое по многу нешта беше историско, и уште еднаш ја потврди сериозноста и квалитетот кој го поседува Карате федерацијата на Македонија.




**Историски моменти за прв пат**

Многу работи ни се случија за прв пат. Најпрвин, бевме почестени со присуството на претседателот на Светската карате федерација Антонио Еспинос, потоа прв пат во самостојна Македонија организиравме сениорско Балканско првенство кое беше прво во новоформираната Карате федерација на Балканот, прв пат се израдувавме на златен медал што беше вовед во доминација на татамите и конечно, првпат бевме најуспешна нација во севкупен пласман. Во серијалот "прв пат" во техничка смисла се случи на веб страницата на КФМ преку "live streaming" во живо да се пренесуваат сите борби, со директни линкови од трите татами и со посебен акцент на финалните настапи.



**Средба Груевски - Еспинос**

Хронолошки, се почна со активностите пред првенството кога во Македонија пристигна првиот човек на Светската WKF и на Европската федерација EKF Антонио Еспинос, придружуван со генералниот секретар на Европската федерација Стјепан Челан. Во својот краток престој во Република Македонија, претседателот Еспинос оствари средби на највисоко ниво, почнувајќи од приемот кај Премиерот на Владата Никола Груевски, потоа кај директорот на Агенцијата за млади и спорт Марјан Спасески каде што беше организирана и прес конференција, како и со претседателот на Македонскиот Олимписки Комитет, Васил Тупурковски.



**Средба Спасески - Еспинос**



**Средба Тупурковски - Еспинос**

На сите наведени средби беше потенцирана улогата на КФМ како пример за добра организирана спортска федерација во земјава, која е се позначаен фактор не само во регионот, туку и во светот. Притоа, претседателот Еспинос ја истакна заложбата на WKF за конечно овој спорт, кој е неспоредливо најполуларен и најмасовен од сите боречки спортови да влезе на програмата на Олимписките игри. Огромен чекор кон таа цел е учеството на првите Европски игри кои следната година ќе се одржат во Баку, каде што каратето е единствен неолимписки меѓу 19 спортови, во кои ќе се натпреваруваат најдобрите спортисти од континентот. Карате спортот со тоа ја оствари претпоследната цел, затоа што веќе е дел од Медитеранските игри кои исто така се под покровителство на Меѓународниот олимписки комитет.



**Прес конференција во АМС**

**Охрид - натпреварување**

На првенството во Охрид покрај најзначајните личности на светското и на европското карате, специјален гостин на КФМ беше и Примож Дебенак, претседател на судиската комисија на Европската федерација. Од високите личности во меѓународното карате тука беше и претседателот на Турската карате федерација Есат Делихасан, кој е член на Извршниот комитет на EKF, потоа претседателот на КФБ Алексеј Петров, генералниот секретар на балканската федерација Славољуб Пипер, како и сите други претседатели на националните федерации кои гостуваа во Македонија.



**Знамињата на СКF, ЕКF і КFB заедно со сите други земји учеснички**



**Културно уметничка програма на Свеченото отворање**

**Резултати**

Резултатски, Македонија беше најуспешна држава во конкуренција на 214 каратисти од 10 најавени земји меѓу кои беа и спортистите од Грција кои иако беа регистрирани во спортдата, не се појавија во Охрид. Но, тоа како и фактот дека Турција допатува само со женскиот дел од репрезентацијата не ги намалува остварувањата на нашите натпреварувачи. Мразот го скрши европскиот прва од Тампере Емил Павлов, кој во македонско финале го победи Шабан Муртиши во категорија до 60 кг. Продолжи Тодорчо Ристески со триумф во категорија до 67 кг. а третото злато го заслужи Иво Цветковски до 75 кг, со што потсети на формата од 2007 година, кога беше европски вицешампион. Доминацијата на нашите каратисти во борби ја заокружи четирикратниот континентален првак во помлади возрасни категории Берат Јакупи, кој во – 84 кг го освои четвртото злато за Македонија. Петтото интонирање на химната е по заслуга на женскиот ката тим во состав Пулексенија Јованоска, Маријана и Мишела Димоски кои беа најдобри во кати. Покрај петте балкански титули, нашите каратисти освоија две сребра и исто толку бронзи за вкупно девет одличја. Освен споменатиот Муртиши, сребрен медал и припадна и на Симона Заборска во категорија - 55 кг која е единствена со трофеј од женскиот дел во борби, а бронзени медали освоија Дејан Црничиќ до 67 кг и машкиот тим во борби.



**Организацијата на првенството во ``Билјанини извори`` на беспрекорно ниво**



**Натпреварите се одвиваа под будното око на светските судии од балканот**




**Во историското македонско финале - злато за Павлов, сребро за Муртиши**



**Женскиот ката тим го донесе петтото злато за Македонија**

Сите тие со својот примерен однос покажаа како треба да се бранат боите на својата земја, а со остварените резултати придонесоа Македонија да биде најуспешна карате нација во регионот со вкупно 9 трофеи, од кои 5 златни. Бевме добри домаќини, но “љубоморни“ во поглед на освојување на приматот. Зад нас останаа велесили како Србија со 4 злата, Турција со 3 титули. Две злата освоија каратистите од Црна Гора, а по едно од Хрватска и од БиХ, додека Словенија, Албанија и Бугарија останаа без највисоко место на подиумот. Комплетните информации за сите резултати и пласмани на Балканското првенство може да ги најдете на следниот линк на кој според информациите, за случувањата во Охрид имало над два милиони посети.



**Македонија најтрофејна нација**

**Организација**

Организациски Балканското првенство помина во најдобар ред, од сите аспекти. Се беше на највисоко ниво, како при призивката на каратистите и нивното влегување во салата,

одржувањето на самите натпревари. Судиите беа незабележителни и против нивната арбитража немаше речиси никаква забелешка. Се се одвиваше според претходно утврдениот редослед, а резултатите беа објавувани "он - лајн" преку човекот од "спортдата" кој беше специјално ангажиран од КФМ, а со кого луѓето од натпреварувачката комисија одлично се надополнуваа. Најмногу радува што во дводневните борби не беше регистрирана ниту една потешка повреда, иако лекарската екипа имаше голем број ситни интервенции. Обезбедувањето во и вон салата остана без работа, а каратистите од сите земји покрај натпреварувањето, одлично се забавуваа.







**Свечено дефиле**

**Впечатоци**

Своите импресии од престојот во Македонија го изразија сите, како за организацијата на натпреварите така и за хотелското сместување, кое беше и близу салата "Билјанини извори" а и според стандардите и цените најдобро досега. Со пофални зборови до КФМ се изразија претседателот на КФБ Алексеј Петров, генералниот секретар Славољуб Пипер, како и сите други високи личности од поедини земји. Единствен беше ставот дека Карате федерацијата на Македонија постави некои нови стандарди за вакво натпреварување, кои наредните домаќини мора многу да се потрудат за да ги достигнат. Но, нема време за одмор, затоа што ова беше само загревање и вистински тест за најзначајниот настан годинава, Светското првенство во Бремен.





**Плакети од КФМ за сите делегации од балканските земји**

**Благодарност од КФМ**

Балканското првенство во карате кое се одржа во Охрид е веќе историја. Карате федерацијата на Македонија уште еднаш покажа дека има капацитет и квалитет да организира вакви манифестации од врвен карактер. Воедно им се заблагодарува на сите кои дадоа свој придонес за успешното организирање на овој значаен настан, пред се на поддршката на Агенцијата за млади и спорт како покровител на настанот. Посебно не радува што гостите имаа можност да се уверат во нашата традиционална гостопримливост. На крајот, во име на претседателот на Карате федерацијата на Македонија Драган Стојановски, им честитаме за успесите на нашите каратисти и на тренерите за постигнатите резултати, но уште повеќе затоа што уште еднаш потврдија дека тие се пред се спортисти, но и личности кои се пример на помладите генерации.




**Прием и прес конференција во АМС**

Овој голем успех и на организациски и на спортски план беше заокружен онаму каде што и започна, во Агенцијата за млади и спорт како Покровител на Балканското првенство во Охрид, со прием кај директорот Марјан Спасески. Притоа се одржа и прес конференција на која учествуваа селекторите во борби и во кати, освојувачите на медали од балканското првенство говореа за своите впечатоци од овој настан, како и за нивните очекувања за Светското првенство во Бремен, кое ќе се одржи од 4 – 9 ноември.



**Балканското во Охрид е историско - нека биде успешно и Светското во Бремен**

Преглед на сите настапи:

| Р.Бр | Име и презиме | Карате клуб | Категорија | Број на учесн. | Пласман | Број на мечеви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ферри Исиќ | Вардар | Кати индивидуално | 11 | Петто место | 1 победа Црна гора 4:1 и 2 порази Србија 0:5 и Србија 1:4 |
| 2 | Пулексенија Јованоска | Ронин | Кати индивидуално | 16 | Петто место | 1 пораз Србија 2:3 |
| 3 | Маријана Димоска | Ронин | Кати индивидуално | 16 | Без пласман | 1 пораз Србија 1:4 |
| 4 | Мишела Димоска | Ронин | Кати индивидуално | 16 | Петто место | 2 победи Босна 5:0, Бугарија 5:0 и 2 порази Србија 1:4 и Црна Гора 0:5 |
| 5 | Фатјона Алију | Арена | Кумите – 50 кг | 10 | Петто место | 2 порази Турција 1:5 и Србија и 1 победа Хрватска |
| 6 | Симона Заборска | Макпетрол | Кумите – 55кг | 15 | Второ место | 3 победи Црна Гора 3:0, Србија 3:0, Босна 3:1 и 1 пораз Србија 0:5 |
| 7 | Марија Матракоска | Ронин | Кумите – 55кг | 15 | Седмо место | 2 порази Србија 0:6, Црна Гора 0:4 |
| **8** | **Наташа Стафановска** | **Макпетрол** | **Кумите – 61 кг** | **16** | **Седмо место** | **2 порази Србија 0:2 и Црна Гора 0:3** |
| 9 | Румена Балшевска | Металург | Кумите – 61 кг | 16 | Без пласман | 1 победа Србија 3:2 и 1 пораз Турција 0:1 |
| 10 | Ана Марија Несторовска | Макпетрол | Кумите – 61 кг | 16 | Без пласман | 1 пораз Босна 0:2 |
| 11 | Симона Анѓелоска | Чоле | Кумите – 61 кг | 16 | Без пласман | 1 пораз Бугарија 0:4 |
| **12** | **Моника Стефановска** | **Макпетрол** | **Кумите – 68 кг** | **13** | **Без пласман** | **1 победа Турција 4:1 и 1 пораз Хрватска 2:5** |
| 13 | Драгана Тодорова | Металург | Кумите +68 кг | 14 | Без пласман | 1 пораз Црна Гора 0:3 |
| 14 | Климентина Војдиновска | Гладијатор | Кумите +68 кг | 14 | Без пласман | 1 пораз Србија 0:6 |
| 15 | Емил Павлов | Штип | Кумите -60 кг | 15 | Прво место | 4 победи Србија 6:0, Хрватск 4:0, Србија 4:1, Македонија 1:0 |
| 16 | Шабан Муртиши | Дрини | Кумите -60 кг | 15 | Втор место | 3 победи Босна 3:0, Бугарија 2:1, Босна 3:0 и 1 пораз Македонија 0:1 |
| 17 | Михаил Ѓурчиновски | Металург | Кумите - 60 | 15 | Без пласман | 1 победа Босна 1:0 и 1 пораз Србија 0:8 |
| 18 | Горан Николовски | Металург | Кумите - 60 | 15 | Без пласман | 1 пораз Србија 1:4 |
| 19 | Дејан Црничиќ | Кеикс | Кумите -67 кг | 23 | Трето место | 3 победи Бугарија 8:0, Србија 1:0, Србија 6:0 и 1 пораз Македонија на изјаснување |

| Р.Бр | Име и презиме | Карате клуб | Категорија | Број на учесн. | Пласман | Број на мечеви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Тодор Ристески | Спорт 94 | Кумите – 67 кг | 23 | Прво место | 5 победи Босна 2:1, Црна Гора 3:1, Србија 6:5, Македонија на изјаснување, Босна 2:0 |
| 21 | Филип Ѓурчиновски | Металург | Кумите – 67 кг | 23 | Без пласман | 1 победа Албанија 2:0 и 1 пораз Србија 1:3 |
| 22 | Ристе Додевски | Македонка | Кумите – 67 кг | 23 | Без пласман | 1 пораз Србија 1:5 |
| **23** | **Иво Цветковски** | **Металург** | **Кумите – 75 кг** | **22** | **Прво место** | **3 победи Србија 2:1, Босна 2:1, Бугарија 4:1, Србија 2:0** |
| 24 | Азиз Исмаил | Металург | Кумите – 75 кг | 22 | Без пласман | 1 пораз Босна 1:2 |
| 25 | Виктор Крстевски | Метлург | Кумите – 75 кг | 22 | Без пласман | 1 победа Црна Гора 2:0 и 1 пораз Србија 4:5 |
| **26** | **Берат Јакупи** | **Фати** | **Кумите – 84 кг** | **20** | **Прво место** | **4 победи Босна на изјаснување, Хрватска 9:0, Албанија 2:1, Хрватска 3:1** |
| **27** | **Сашко Патраклиев** | **Македонка** | **Кумите – 84 кг** | **20** | **Без пласман** | **1 пораз Босна на изјаснување.** |
| 28 | Огнен Груевски | Металург | Кумите – 84 кг | 20 | Без пласман | 1 пораз Словенија 0:5 |
| 29 | Симон Антиќ | Макпетрол | Кумите +84 кг | 17 | Без пласман | 1 пораз Србија 3:2 |
| 30 | Даниел Тунев | Македонка | Кумите +84 кг | 17 | Седмо место | 2 порази Босна 0:7 и Албанија 0:4 |
| 31 | Спасо Илиевски | Макпетрол | Кумите +84 кг | 17 | Без пласман | 1 победа Абанија 2:0 и 1 пораз Србија 0:1 |
| **32** | **Ката тим девојки** | **Пулексенија Јованоска, Маријана Димоска и Мишела Димоска** | | **5** | **Прво место** | **2 победи Хрватска 3:2 и Турција 3:2** |
| 33 | Кумите девојки | Наташа Стефановска, Моника Стефановска, Симона Заборска и Румена Балшевска | | 8 | Без пласман | 2 пораз Турција 0:2 и Србија 0:1 |
| 34 | Кумите машки | Иво Цветковски, Симон Антиќ, Мартин Несторовски, Жарко Арсовски, Тодор Ристески, Огнен Груевски и Берат Јакупи. | | 7 | Трето место | 2 победи Словенија 3:1, Бугарија 3:0 и 1 пораз Босна 2:3 |

### 4.2.2 Балканско првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година - Софија, Бугарија, 13-14.12.2014

Репрезентацијата на Карате федерацијата на Македонија од 12-14 декември 2014 година, учествуваше на Балканското првенство за кадети, јуниори и јуниори до 21 година, што се одржа во Софија, Бугарија.

На натпреварот учество земаа 784 натпреварувачи од 11 држави: Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Кипар, Македонија, Романија, Србија, Словенија, Хрватска и Турција.

Македонската репрезентација освои 3 златни медали, 6 сребрени и 17 бронзени медали.

**Резултати јуниори до 21 година:**

**Златни медали:**

1. Ката тим јуниорки до 21 година во состав: Маријана Димоска, Мишела Димоска и Искра Каракашоска.

2. Кумите тим јуниори до 21 година во состав: Стефан Ефремов, Мурсел Мисини, Емануел Ристески, Азиз Исмаил, Виктор Крстевски, Мартин Петрески, Емир Ќосовиќ.



**Сребрени медали:**

1. Сара Радичевска (КК Макпетрол - Скопје) - кумите јуниорки - 21 година, - 50 кг.



***Петар Заборски***

**Бронзени медали:**

1. Марија Матракоска (КК Ронин - Прилеп) - кати јуниорки - 21 година индивидуално.

2. Орхан Биљали (КК Макпетрол - Скопје) - кумите јуниори - 21 година индивидуално - 84 кг.

3. Семир Ќосовиќ (КК Металург - Скопје) - кумите јуниори - 21 година индивидуално -84 кг.

4. Кумите тим јуниорки до 21 година во состав: Симона Заборска, Сара Радичевска, Драгана Тодоровска и Фатјона Алију.

**Резултати јуниори:**



***Јуниорска екипа***

**Сребрени медали:**

1. Ферри Исиќ (КК Вардар - Скопје) - кати јуниори индивидуално.
2. Мишела Димоска (КК Ронин - Прилеп) - кати јуниорки индивидуално.
3. Петар Заборски (КК Макпетрол - Скопје) - кумите јуниори - 76 кг.
4. Моника Пендаровска (КК Макпетрол - Скопје) - кумите јуниорки - 53 кг.
5. Кумите тим јуниори во состав: Петар Заборски, Адил Мехмед, Димитар Илиевски, Доан Османи, Александар Јаниќ, Петар Спасеноски и Андреј Ристески.

**Бронзени медали:**

1. Маријана Димоска (КК Ронин - Прилеп) - кати јуниорки индивидуално.
2. Христина Ристиќ (КК Ботони - Скопје) - кумите јуниорки индивидуално -48 кг.
3. Давид Петков (КК Металург) - кумите јуниори индивидуално -61 кг.
4. Андреј Ристески (КК Спорт 94 - Прилеп) - кумите јуниори индивидуално +76 кг.
5. Марија Василева (КК Ботони - Скопје) - кумите јуниорки индивидуално -59 кг.
6. Марија Спасовска (КК Шампион Крива Паланка) - кумите јуниорки индивидуално -59 кг.
7. Ката тим кадети - јуниори во состав: Кирил Стојаноски, Дамјан Ристески и Огнен Тодороски.
8. Ката тим кадетки - јуниорки во состав: Маријана Димоска, Мишела Димоска и Искра Каракашоска.

**Резултати кадети:**

**Златни медали кадети:**

1. Анастасија Матеска (КК Ронин - Прилеп) - кати кадетки индивидуално.

**Бронзени медали:**

1. Вероника Костовска (КК Кеикс - Скопје) - кумите кадетки индивидуално - 54 кг.
2. Емилјина Јаниќ (КК Олимпик спорт 2007 - Скопје) - кумите кадетки индивидуално +54 кг.
3. Илија Андоновиќ (КК Унсу - Куманово) - кумите кадети индивидуално -52 кг.
4. Роберто Ацковски (КК Металург - Скопје) - кумите кадети индивидуално -63 кг.

5. Кумите тим кадетки во состав: Вероника Костовска, Емилија Јаниќ, Ева Блажевска и Драгана Манговска.



***Анастасија Матеска***

Комплетен преглед на настапот на сите натпреварувачи:

| Р.Б | Презиме име | Карате клуб | Категорија | Број на учесн. | Пласман | Број на мечеви |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Војдиновска Маја | Гладијатор - Велес | Јуниори -21 ката индивидуално женски | 16 | Без пласман | 1 пораз Бугарија 0:5 |
| 2 | Дука Арта | Шкендија - Тетово | Јуниори -21 ката индивидуално женски | 16 | Без пласман | 1 пораз Босна 0:5 |
